Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, изјавена во однос на содржината на тендерската документација по огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр. 06163/2021 за набавка на стоки - набавка на контејнери од 1.1 м3 за собирање на комунален отпад согласно програма за управување за отпад 2021 година на договорниот орган Општина Чашка, врз основа на член 151 и член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и Законот за дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република С. Македонија бр. 87/2021), на 19-та Седница одржана на ден 28.04.2021 година го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот „ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, изјавена во однос на содржината на тендерската документација по огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр. 06163/2021 за набавка на стоки - набавка на контејнери од 1.1 м3 за собирање на комунален отпад согласно програма за управување за отпад 2021 година на договорниот орган Општина Чашка.

**2. СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот бр.09-475/1.

**3. Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.09-475/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес , констатира дека со поднесок од 20.04.2021 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува од причини што жалбата е прикачена на погрешен оглас.

Имено, согласно со член 151 став 1 од Законот за јавните набавки: (1) Жалителот може да ја повлече жалбата до моментот на донесување одлука по жалбата од страна на Државната комисија.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од овој заклучок.

Бр. 09-475/8
28.04.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес
- Општина Чашка